Бобан ПЕТРОВСКИ

# ВИЗАНТИСКАТА УПРАВА ВО ПОЛОГ ПО УНИШТУВАЊЕТО НА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА

Во претстојниот труд предмет на наш интерес е воспоставениот византиски воено-административен и црковен систем во Полог во крајот на втората декада на XI век, со должно внимание и кон актуелните социо-економски прилики во Областа.

За разлика од црковно-економските аспекти на минатото на Полог, за кои, како што ќе предочиме, постојат релевантни изворни сведоштва, политичката и административна историја на Областа во периодот по уништувањето на државата на Самуил и неговите наследници не е возможно да се реконструира врз основа на директни современи извори, бидејќи модерната историографија со такви денес не располага, или поточно, сè уште не се пронајдени. Заради тоа, со цел да допреме до овие релативни вистини за минатото на Полог во посочениов временски период, неопходно е потребно да се послужиме со компаративниот пристап во истражувањето, врз основа на кој ќе ги формулираме нашите заклучоци.

Имено, по ликвидирањето на државата на Самуил и неговите наследници од страна на византискиот император Василиј II во 1018 година, Македонија влегла во составот на Византиското Царство[1]. Аналогно на тоа, Полог, како област во северозападните делови на Македонија, бил вклучен во византискиот воено-административен систем кој бил актуелен во Империјата. Притоа, Областа, најверојатно, била инкорпорирана во рамките на новоформираната голема тема позната под името Бугарија. Станува збор за воено-административна единица која во територијален поглед ги опфаќала

---

[1] Г.Острогорски, Историја на Византија, Скопје 1992 (понатаму Историја), 372-374; И.Божилов-В.Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век, Том I, София 1999 (понатаму Средновековна България I), 330-331.

централните делови на државата на Самуил и неговите наследници[2]. Истата била омеѓена со византиските теми Драч, Сирмиум, Паристрион, Стримон и Солун[3]. Оваа воено-административна единица најпрво имала ранг на катепанат, а подоцна дукат со седиште во Скопје[4].

Воспоставувањето на нова воено-административна единица, која во својата есенцијата ја имала територијата на некогашната Самуилова држава, говори за генералната политика на Василиј II кон овие репатрирани територии. Далекусежниот византиски император имал намера да воспостави еден, би го нарекле, преоден период во кој населението од темата Бугарија би се прилагодувало, транзитирајќи од Самуиловиот кон воспоставување целосен византиски систем.

Во тој контекст, се чини, треба да се разгледува фискалната политика во оваа воено-административна единица. Имено, бил оставен и понатаму да функционира даночниот систем својствен за

---

[2] И.Божилов-В.Гюзелев, Средновековна България I, 343-344; Историја српског народа, Прва књига (Од најстаријих времена до Маричке битке 1371г.), Београд 1981 (понатаму ИСН I), 172 (Љ.Максимовић); К.Аџиевски, Пелагонија во средниот век (од доселувањето на словените до паѓањето под турска власт), Скопје 1994 (понатаму Пелагонија), 63; Г.Острогорски, Историја, 374; Византијски извори за историју народа Југославије, Том III, Београд 1966 (понатаму ВИНЈ III), 125-128 бел. 165 (Ј.Ферлуга); Г.Г.Литаврин, Болгария и Византия в XI-XII вв., Москва 1960 (понатаму Болгария и Византия), 264-265.

[3] Г.Острогорски, Историја, 375-377; Според Љ.Максимовиќ (Организација византијске власти у новоосвојеним областима после 1018. године, ЗРВИ XXXVI, Београд 1997 (понатаму Организација византијске власти), 38-42), на териториите северно од Скопје, освен темата Сирмиум, била формирана и темата Србија (сп. и ИСН I, 173-175, каде, истиот автор искажал спротивно мислење), К.Аџиевски (Пелагонија, 63), како гранични на темата Бугарија ги вбројува и темите Никопол и Македонија. Слично и Г.Г.Литаврин, Болгария и Византия, 265-266.

[4] Прв управник на темата бил патрицијот стратег-автократор Давид Аријанит, кој управувал со истата како катепан до 1025 година. По оваа година на чело на темата се наоѓал дуксот Константин Диоген. За овие настани и личности поопширно кај: И.Божилов-В.Гюзелев, Средновековна България I, 344; История на България, Том Трети. Втора Българска Държава, София 1982 (понатаму История на България 3), 23 (Д,Ангелов); Г.Острогорски, Историја, 374-375 бел. 195; ВИНЈ III, 162-163 белешки 268 и 269 (Ј.Ферлуга); В.Златарски, История на Българската държава през средните векове, Том 2. Бъгария под византийско владичество (1018-1187). Второ фототипно издание, София 1994 (понатаму История II), 6-8. Сп. и Љ.Максимовић, Организација византијске власти, 33-34, 37-38.

Самуиловото време, чија главна карактеристика, за разлика од останатите византиски територии, е плаќање на даноците во натура[5].

Ниту во духовната сфера не биле извршени видни промени, освен неминовно неопходните. Така, Василиј II, иако го снижил рангот на Охридската Патријаршија во Архиепископија, поставувајќи го на нејзино чело архиепископот Јован, не ја укинал нејзината црковна организација актуелна во веќе непостоечката Самуилова држава. Ставајќи ја под свој патронат, на истата ѝ овозможил заштита и зачувување на нејзината јурисдикција речиси врз сите дотогашни епископии[6].

Привилегиите, обврските и границите на Охридската Архиепископија се регулирани со трите грамоти кои византискиот император Василиј II ѝ ги издал на истата во временскиот период од

[5] Скилица-Кедрен (Ioannis Scylitzae sinopsis historiarum. Editio princeps, rec. I.Thurn, Berolini et Novi Eboraci 1973, 411-412 (530-531)), известувајќи за причините поради кои населението од Хеладската тема Никопол се придружило кон востанието на Петар Делјан, дава релевантни информации за третираново прашање, посочувајќи дека Василиј II, откако ја покорил Бугарија ништо не променил, туку го оставил и понатаму на сила стариот даночен систем во покорените области како што било во времето на Самуил. Сп. и: Извори за българската история XI, Гръцки извори за българската история VI, София 1965 (понатаму ИБИ XI ГИБИ VI), 304; ВИНЈ III, 151-152 и бел. 230 (Ј.Ферлуга). Од литературата за ова прашање види кај: Х.Меловски, Прилог кон даночната политика на Самуиловата држава, ГИНИ XX/1, Скопје 1976 (понатаму Даночната политика), (177-182) 180; С.Пириватрич, Самуиловата държава. Обхват и характер, София 2000 (понатаму Самуиловата држава), 213; Ј.Белчовски, Охридската архиепископија од основањето до паѓањето на Македонија под турска власт (понатаму Охридската архиепископија), Скопје 1997, 222; К.Аџиевски, Пелагонија, 64; ИСН I, 177 (Љ.Максимовић); В.Златарски, История II, 26-28. Наспроти ова, Д.Ангелов (История на България 3, 27) смета дека во првите години по воспоставувањето на византиската власт во териториите на поранешната Самуилова држава положбата на населението значително се влошила.

[6] И.Снегаров, История на Охридската архиепископия, Том 1. От основаването ѝ до завладяването на Балканския полуостров от турците, второ фототипно издание, София 1995 (понатаму Охридската архиепископия I), 54-55, 60, 195; В.Златарски, История II, 17-19, 25; Г.Г.Литаврин, Болгария и Византия, 351-352, 356; ИСН I, 176 (Љ.Максимовић); История на България 3, 26 (Д.Ангелов); И.Божилов-В.Гюзелев, Средновековна България I, 366-370; Историја на македонскиот народ, Том први. Македонија од праисториското време до потпаѓањето под турска власт (1371 година), Скопје 2000 (понатаму ИМН I), 406-407 (Б.Панов); С.Пириватрич, Самуиловата држава, 191-192, 196-197.

1019 до 1025 година[7]. Трите повелби се мошне значаен извор воопшто за историјата на Македонија, особено за територијалната распространетост и организационата структура на Охридската Архиепископија[8], но, се чини, сочувана е и конкретна утилитарност за црковната и социо-економската историја на Полог.

Според истражувањата направени во минатото, потврдени и во современата наука, Првата грамота на Василиј II, издадена на Архиепископијата во 1019 година, содржи спомен за населено место кое се наоѓало во Полог. Имено, во грамотата, меѓу другото, се наведува дека на призренскиот епископ му се доделуваат петнаесет клирици и исто толку парици во Призрен, Хосно, Леаскумца и уште едно населено место од кое се расчитува само Брат(..), (Καὶ τὸν ἐπίσκοπον Πρισδριάνων εἰς αὐτὰ τὰ Πρίσδριανα καὶ τὸν Χοσνὸν καὶ τὸν Λεασκουμζιὸν καὶ τὴν Βράτ.., κληρικοὺς ιε καὶ παροίκους ιε)[9]. Значењето на овие изворни податоци за Полог е во тоа што, најверојатно, под византиската формата Леаскумца (τὸν Λεασκουμζιὸν) се крие словенската именка Лешок[10], која, во случајов, ја означува полошката

[7] Првата повелба е издадена, најверојатно, во 1019 година, Втората во мај 1020 година, а третата меѓу 1020 и 1025 година. За нивната содржина спореди: Й.Иванов, Български старини из Македония. Фототипно издание, София 1970 (понатаму Български старини), 550-562; ИБИ XI ГИБИ VI, 40-47. Текстот на повелбите е понуден и кај И.Снегаров, Охридската архиепископия I, 55-59. Обидите целосно да се оспори автентичноста на овие три византиски грамоти (С.Антољак, Самуиловата држава, Средновековна Македонија, том први, Скопје 1985, 689-708; истиот, Охридската архиепископија во време на владеењето на царевите Самуил и Василиј II, Историја VI/1, Скопје 1970, 45-48; Р.Љубинковић, Традиција Приме Јустинијане у титулатури охридских архиепископа, Старинар XVII (1066), 73-75), како недоволно аргументирани, не се прифатени во науката, сп. К.Аџиевски, Пелагонија, 64-65 бел. 4.

[8] За правниот статус, епархиите и архиепископите на Охридската Архиепископија во посочениов период, опширно кај Ј.Белчовски, Охридската архиепископија, 114-190.

[9] Й.Иванов, Български старини, 554; ИБИ XI ГИБИ VI, 43.

[10] Р.М.Грујиќ (Полошко-Тетовска епархија и манстир Лешак, ГСНД Књ. XII, Скопље 1933 (понатаму Полошко-Тетовска епархија), 43-44) го изедначува коренот на именката во византиската и словенската форма (Λεασκ=Лешок). Ј.Иванов (Български старини, 554 бел. 9; ИБИ XI ГИБИ VI, 43 бел. 24) византиската форма ја расчитал, односно транскрибирал како Љасковец, посочувајќи дека местото е непознато. И.Снегаров (Охридската архиепископия I, 56, 183-184 бел. 1) се повикал на С.Новаковиќ и го идентификувал како Лесковец кој се наоѓал "нѣгдѣ въ Косово поле"; Ј.Белчовски (Охридската архиепископија, 152-153) смета дека се работи за регион кој ѝ припаѓал на Липљанската или евентуално на нишката област.

населба со идентично име. Се чини, ваквите размисли може да се засилат и со податоци од едно изворно сведоштво од XIV век, во кое се споменува црковниот углед на Лешок во тоа време, но кој го бил уживал уште од дамнешни времиња. Имено, за реномето на Лешок како црковно средиште низ вековите сведочи Призренската повелба на српскиот крал Стефан Дечански од 1326 година, каде, во членот 11 се известува за три поповски стаси при црквата Света Богородица во Лешок, наречени двор пискупов од дамнешни времиња (дворь пископовь ѿть вѣкка)[11].

Токму врз основа на споменувањето на Лешок во Првата Василиева грамота го темелиме нашиот став за драгоценоста на предочениве информации од оваа повелба за црковната и социјално-економската историја на Полог во посочениов временски период. Имено, преку податоците кои се однесуваат на оваа полошка населба, во корелација со дарените клирици и парици, можеме да извршиме делумна реконструкција на црковните, социјалните и економски прилики во Полог во третираниов период.

Во поглед на црковната историја, според податоците понудени во горниот екскурс од Првата грамота на Василиј II, каде се наведува дека призренскиот епископ добил зависно население и во Лешок, можеме да извлечеме констатација дека Лешок се наоѓал под јурисдикција на наведениот епископ. Од друга страна, споменувањето само на оваа полошка населба, се чини, упатува на тоа дека во црковен поглед Лешок бил средиште на духовните збиднување во Полог[12]. Истовремено, посочените ингеренции на призренскиот епископ во Лешок, олицетворени преку располагање со одреден број тамошни клирици и парици, погледнати пошироко, означуваат дека во поглед на јурисдикционата припадност, најверојатно, целиот Полог бил вклучен во составот на призренската епископија. Се чини, посредна потврда за тоа се и подоцнежните изворни податоци кои потекнуваат од XIV век, во кои има сведоштво за Лешок како дамнешно црковно средиште-погоре веќе посочени, но и за имоти сопственост на призренската епископија, распространети низ целата полошка област, како и за црковните ингеренции на призренскиот епископ во Областа. Имено, конкретната јурисдикција на

[11] Л.Славева, Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том III, Скопје 1980 (понатаму Полог), 270; С.Новаковић, Законски споменици српских држава средњега века, Београд 1912 (понатаму Законски споменици), 640.

[12] Според Г.Литаврин (Болгария и Византия, 77), во повелбите се наведени само најзначајните населени места во енориите на секој епископ. Од него превзел и П.Тивчев (История на България 3, 40).

призренскиот епископ во Полог и грижата за црковните епископски имоти се потврдува со текстот во членот 46 од Бревното на Богородица Хтетовска, каде се наведуваат зборовите на епископот кој истакнал дека "ѡтькоупити хкю, где нахогю црьковню мѣсто, понеже ѥсмь соуции господарь и ѡтькоупихь"[13].

Интересен за нас е и завршниот дел од текстот на третираната Василиева повелба, каде е забележано ослободување на архиепископските клирици од определени давачки, со нагласок-исто онака како што било и во времето на Самуил (ἐπὶ τοῦ Σαμουήλ)[14]. Посоченово експлицитно сведочи за задржување на привилегиите кои ги имала Охридската црква не само во времето на Самуил, туку и при неговите наследници до моментот на наметнување на византиската власт во Областа, односно, зачувување на црковна status quo состојба[15]. Дополнителен аргумент за ваквиот наш став наоѓаме во почетниот дел од текстот на грамотата, кој, се чини, имплицитно сведочи за истото. Имено, наведувањето на Василиј II дека повелбата се издава за да се удоволи на охридскиот архиепископ Јован, кој побарал писмено да му бидат определени црковните клирици и парици[16], се чини, упатува на тоа дека Охридската архиепископија и

[13] Л.Славева, Полог, 292; Actes de Chilandar. Deuxieme partie. Actes Slaves. Publiés par B.Korablev, Петроградъ 1915 (понатаму Chilandar II), 486; А.Соловјев, Одабрани споменици српског права од XII до краја XV века, Београд 1926 (понатаму Одабрани споменици), 130. Истото се потврдува и со материјални наоди од теренот. Имено, при археолошки истражувања и ископувања во Лешок и неговата околина откриени се траги од старохристијански и средновековни црковни објекти, сп.: Б.Алексова, В.Лилчиќ, Ранохристијански цркви во Македонија-истражени и регистрирани цркви во Македонија, Македонско наследство II/5, Скопје 1997, 18. Христијанската определба на населението во Полог се потврдува и преку пронајдени два крста на непознати локации во Тетово(ско) и Гостивар(ско), обата датирани во XI-XII век: бронзен крст-приврзок за на гради; крст-приврзок за на гради за чување на реликвии, сп. Крстови од Македонија. Проект: Македонија-библиска земја. Презентација на 200 крстови по повод 2000 години христијанство, автори, обработка и селекција на материјалот В.Манолеви-З.Симоски, Скопје 2000, No. 107, No. 115.

[14] Й.Иванов, Български старини, 555; ИБИ XI ГИБИ VI, 44.

[15] Во историографијата е раширено мислењето дека Охридската архиепископија во почетните години од повторното воспоставување на византиската власт во Македонија, не само што ги задржала привилегиите кои ги уживала во времето на Самуил и неговите наследници, туку, со Трите Василиеви грамоти византискиот император истите ѝ ги проширил, сп: И.Снегаров, Охридската архиепископия I, 60-61; В.Златарски, История II, 19, 22; Г.Г.Литаврин, Болгария и Византия, 351; ИСН I, 177 (Љ.Максимовић).

[16] Й.Иванов, Български старини, 550; ИБИ XI ГИБИ VI, 41.

претходно го поседувала наброеното во повелбата зависно население, со тоа што, со промената на световниот господар се појавила потреба истото да ѝ биде потврдено и од новиот владетел.

Преку споменуваните подарени клирици и парици индиректно може да се извлечат податоци и за развитокот на феудализмот и феудалниот систем во Полог во третираниов временски период. Најпрво, регистрирањето на клириците и париците како подвластени на призренскиот епископ говори за тоа дека истите биле припадници на зависниот слој луѓе кои византискиот император ги дарувал, односно, потврдил на Охридската црква, конкретно на призренската епископија. Самото именување како клирици (κληρικοὺς) и парици (παροίκους) говори за категориите зависно население кои постоеле во тој период. И првите и вторите биле зависно земјоделско население кое ги обработувало црковните имоти, за што потврда наоѓаме во почетниот дел од текстот на грамотата каде се наведува дека писмено се определуваат клириците и париците кои треба да работат на црковните имоти на архиепископот и епископите (τοὺς ὀφείλοντας ταῖς ἐκκλησίαις τῆς ἐνορίας αὐτοῦ καὶ τῶν ἐπισκόπων αὐτοῦ κληρικοὺς καὶ παροίκους ὑπειρετεῖν)[17]. Разлика постои во нивниот правен статус кој имплицирал и поинаква социјално-економска положба. Имено, клириците уживале одредени привилегии во однос на париците, изразени преку ослободување од некои државни даноци и вонредни обврски, со што, се доближувале до слојот на нижото свештенство[18]. Конкретно, според крајните одредби од Првата повелба, сите клирици биле ослободени од икомодион и други епирии (῾Ινα

[17] Й.Иванов, Български старини, 550; ИБИ XI ГИБИ VI, 41.

[18] За клириците во науката постојат различни размислувања, како околу одредувањето на видот на ова зависно население, така и околу тоа дали и какви разлики имало во однос на париците. Притоа, во поглед на нивната правно-социјална положба се застапуваат мислења: дека не е познато каков слој население преставуваат клириците (Й.Иванов, В.Тъпкова-Заимова во ИБИ XI ГИБИ VI, 41 бел. 4); потоа, дека се потомци на свештениците кои станувале црковни заселници (И.Снегаров, Охридската архиепископия I, 61-62 бел. 2); дека се идентични со париците-световно земјоделско зависно население, со тоа што терминот κληροπάροικοι или едноставно κληρικοί ги детерминира како црковни парици (В.Златарски, История II, 21-22 бел. 4; П.Тивчев во История на България 3, 47); натаму, клириците како црковно зависно население биле во подобра полжба од париците (Г.Г.Литаврин, Болгария и Византия, 45, 194, 230-231); до едноставно посочување дека тие се луѓе на црквата (Б.Панов, Средновековна Македонија, Том втори. Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ, Скопје 1985 (понатаму Теофилакт Охридски), 138-140).

ἐξκουσσεύωνται οἱ τοιοῦτοι πάντες κληρικοὶ ἀπό τε οἰκομοδίου καὶ τῶν λοιπῶν ἐπηρειῶν)[19].

За жал не е возможно да се утврди бројот на клириците и парициите во Лешок, бидејќи во посоченава повелба е понуден само вкупниот број на наведениве две категории зависно население кои се доделувале на призренскиот епископ во четирите посочени населени места[20]. Доколку се потпреме на нивниот вкупен број, кој бил триесет луѓе-по петнаесет од двете категории, може да претпоставиме дека црквата сè уште не била мошне крупен земјопоседник на кој би му биле потребни голем број луѓе за да ги обработуваат нејзините имоти. Аналогно на тоа, имајќи го предвид логичното правило дека развитокот на феудализмот е правопропорционален со растот на црковниот земјопосед како и бројот на зависните луѓе, во нашиот случај можеме да претпоставиме дека доминантна феудализација не била својствена во овој регион[21], респективно Полог, а исто така и закрепостувањето на населението тука сè уште не било силно застапено.

Повелбата содржи податоци за постоење на феудална рента и даноци, кои несомнено биле на сила и во Полог. Имено, во почетокот на текстот од грамота се понудени сведоштва за одработна феудална рента со која биле обременети клириците и парициите кои ѝ се доделувале на Охридската архиепископија, а во тој контекст и оние на призренската епископија каде се вбројува и зависното население од Лешок. Така, самиот израз во повелбата "τοὺς ὀφείλοντας...ὑπειρετεῖν"[22], со значење "се задолжуваат да работат", кој се однесува на посоченово зависно население, претставува изворно сознание за постоењето на овој вид феудална рента во Полог во посочениов

[19] Й.Иванов, Български старини, 555; ИБИ XI ГИБИ VI, 44. Сп. История на България 3, 40 (П.Тивчев). Нејасно е зошто Г.Литаврин (Болгария и Византия, 77) вели дека од посочениве даноци и обврски се ослободени и парициите, за кои нема изворно сведоштво во делот на повелбата каде се наведени овие екскусии.

[20] Поаѓајќи од размислите дека во грамотите на Василиј II за Охридската архиепископија се наведени само најзначајните енориски населби во епископиите, Г.Литаврин (Болгария и Византия, 77) истакнал дека наброеното зависно население не било целото со кое располагала Архиепископијата, туку дека во грамотите се посочувало само она зависно население кое се ослободувало од некои државни давачки и обврски. Од него презел и П.Тивчев (История на България 3, 40).

[21] Г.Г.Литаврин, Болгария и Византия, 77; С.Пириватрич, Самуиловата држава, 213. Х.Меловски (Даночната политика, 179), врз база на постоењето екскусија, засведочена во Првата грамота, заклучил дека уште во времето на Самуил во неговата држава постоеле силни феудализациони процеси.

[22] Й.Иванов, Български старини, 550; ИБИ XI ГИБИ VI, 41.

временски период, од што се согледува видот на оптеретувањето на зависното население во полза на црквата[23].

Споменатиот икомодион (οἰκομοδίου) и останати епирии (καὶ τῶν λοιπῶν ἐπηρειῶν) во завршниот дел од текстот на повелбата од кои биле ослободени црковните клирици, понудува делумно сведоштво за даночниот систем кој се однесувал и на оние клирици кои биле од Лешок. Така, екскусијата за икомодион на клириците означува дека тие биле ослободени од давање модиј жито на службеното лице кое вршело премер на истото[24]. Епириите, пак, биле нередовни државни давачки, од кои исто така се ослободувале клириците[25].

Воедно, ослободувањето од истите означува потврда на привилегиите кои ги имале црковните луѓе во однос на останатото население, олицетворени преку неплаќање на одредени давачки во

[23] Според Г.Литаврин (Болгария и Византия, 201-202), станува збор за "задолжително служење" на парициите и клириците во црковните енории, кое означувало не само натурални, туку и одработни оптеретувања во корист на црквата.

[24] Се работи за еден вид "награда" која ја плаќало зависното население на даночниот чиновник при премерување на житото, при што, последниов земал по еден модиј за секое количество жито за кое зависниот селанец плаќал данок од три перпери, сп. В.Златарски, История II, 24. Г.Литаврин (Болгария и Византия, 310-312), во основа прифаќајки го ваквото објаснување, а воедно ги дава и постарите размислувања за суштината на оваа давачка, истакнал дека истата била главна меѓу неординарните државни давачки. Според Х.Меловски (Даночната политика, 181), кој се повикува на неименувани византиски повелби од XI век, станува збор за регуларен данок, неретко запишуван на прво место.
Оваа византиска давачка се доведува во врска со давачката "комодь", спомената во словенските грамоти, сп. Милутиновата грамота за манастирот Св. Георги-Горг Скопски (за неа види кај: Грамота на крал Милутин, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В.-Славева Л.-Илиевска К., Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том I, Скопје 1975, 224; С.Новаковић, Законски споменици, 614; А.Соловјев, Одабрани споменици, 75).

[25] В.Златарски (История II, 24) само сумарно посочува дека се работи за вонредни државни намети; според Г.Литаврин (Болгария и Византия, (310) 330) епириите биле вонредни давачки поврзани со опслужување на поважните патишта; Ј.Ферлуга (ВИНЈ III, 293 бел. 197), се изјаснил дека епириите претставувале посебни служби кои ги вршело населението во полза на војската и управните чиновници; Х.Меловски (Даночната политика, 182) сметал дека станува збор за разни натурални давачки и ангарија на населението за војската; П.Тивчев (во История на България 3, 50) се изјаснил дека станува збор за давање стан и храна на војската; а според Б.Панов (Теофилакт Охридски, 194), под овој данок генерално се означувале доставките во натура за чиновниците или војската.

полза на државата. Ваквата привилегија клириците најверојатно ја имале и во времето на Самуил и неговите наследници, при што, Василиј II во грамотава само ја потврдил истата, за што сведочи и одредбата во повелбата каде се наведува "ὡς ἐξκουσεύοντο καὶ ἐπὶ τοῦ Σαμουήλ"[26].

Врз основа на дотука предочите анализи, неминовните заклучоци кои се наметнуваат во однос на византиската управа во Полог, која била воспоставена во Областа по уништувањето на Самуиловата држава, засегнуваат неколку аспекти. Востановениот византиски воено-административен систем во Полог бил во согласност со генералната политика на Византија кон репатрираната Самуилова територија, при што, Областа станала составен дел на формираната тема Бугарија. Но, кај воспоставениот црковен и социјално-економски систем во Полог, како впрочем и кај оној на целата територија на некогашната Самуилова држава, се забележува видно ретерирање во однос на актуелниот византиски. Притоа, изворно се засведочени податоци од кои се согледува зачувување во голема мера на третираниве прилики онакви какви што биле во државата на Самуил и неговите наследници.

[26] Й.Иванов, Български старини, 555; ИБИ XI ГИБИ VI, 44.